**Токму на датумот со историско значење, во Собранието на Република Македонија, Одборот за доделување на државната награда "11 Октомври" за 2008 година на тројца еминентни лица им ја врачи наградата за животно дело во областа на науката и образованието и за животно дело во областа на културата и уметноста.**

**Наградата за животно дело во областа на науката и образованието им беше доделена на проф. д-р Коста Пеев, лингвист од Скопје, проф. д-р Михајло Миноски, историчар од Скопје и на Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија на МАНУ од Скопје.**

**Наградата за животно дело во областа на културата и уметноста отиде во рацете на академик Божин Павловски, писател од Скопје.**



Пишува:
Милева ЛАЗОВА

# ПОВЕЌЕДЕЦЕНИСКО ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО СВЕТОТ

Проф. д-р Коста Пеев зад себе има заокружен четиридецениски опус со исклучително високо-вреднувани достигнувања во областа на лингвистичката наука и образование. Со резултатите од научните истражувања во областа на македонскиот јазик професорот Пеев се вбројува во врвот на македонската дијалектолошка наука.

Неговите научни трудови "Речник на македонските говори во југоисточниот Егејски дел" - том 1, 2, 3 и 4 и "Кукушкиот говор" - том 1 и 2, привлекуваат големо внимание и највисоки оценки во видни славистички центри во Европа.



Со својата дејност професор Пеев заштитува и одбранува пред заборавот еден важен дел од националното-културно наследство на македонскиот народ. Од особена важност е тоа што неговиот труд придонесува да се зачува лексичкиот корпус на југоисточните македонски говори, кои денес веќе не се живи, во својот изворен простор. Истовремено, на славистичката научна јавност ѝ е достапен за натамошни јазично-историски и јазично-генетски истражувања. Заклучоците од анализата на ова научно достигнување имаат неодминливо значење, како за македонистиката така и за славистиката, но и пошироко, засегнувајќи прашања од општата теорија за развојот на јазикот на Словените, за реконструирање на нивните миграции, за степенот на сродност, проширувајќи ги во тие рамки сознанијата за јазичната интерференција.

Ценејќи го значењето на делото на проф. д-р Коста Пеев за промовирање и афирмација на македонската дијалектологија на национален и на меѓународен план, може да се каже дека се работи за капитален труд, во кој индивидуалниот пристап на авторот е издигнат на ниво на модел, кој достојно ја презентира македонската наука за јазикот во светот. Овој тип на истражувања претставуваат прилог кон врвните дијалектолошки проучувања во областа на славистиката. Неговиот творечки опус го заокружува сегментот на бројните педагошко-образовни активности: наставниот ангажман при Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и при одделни реномирани славистички центри од Европа. Мора да се издвои и неговиот ангажман во основањето на Дијалектолошкото одделение при Институтот за македонски јазик, а од особена важност е придонесот кој го дал во работата на Општо-словенскиот лингвистички атлас и Општо-карпатскиот дијалектен атлас, како и во организацијата на активностите во проектите "Македонските дијалекти во Грција".

"Наградата дојде по повеќедецениски труд, посветен на еден дел од македонското население во југоисточниот егејски дел, кој за време на Втората балканска војна претрпе страшен погром. Беше уништен цел еден регион во тој југоисточен дел, вклучувајќи го и македонистичкиот центар Кукуш и околните села. Оттаму, мојот труд треба да претставува чување на спомените и на фактите, не само за историјата на тој крај, туку и за нивната култура, нивниот јазик, нивното постоење. Истовремено, наградата ми дава волја да продолжам во завршувањето на долгогодишниот проект. Сега е во печат петтиот том, а почнав да работам и на шестиот, кој ќе биде и последен. За понатаму можеби ќе се посветам воопшто на лексиката на македонските говори. Морам да признаам дека имав одредени тешкотии во врска со финансирањето, бидејќи претпријатието 'Студентски збор' е во ликвидација, но сега на повидок има нови можности, така што не е убаво да кажам дека имало некакви пречки за да го реализирам проектот. Фактички, со тој шести том ќе заврши лексиката на тој крај", вели проф. д-р Пеев.

# ПРИЗНАНИЕТО ГО ДОЖИВЕАВ КАКО ДУШЕВНА ХРАНА И МОРАЛНА САТИСФАКЦИЈА

"Наградата '11 Октомври' како финансиска вредност за мене не значи ништо. Како сите други награди кои ми беа доделени последниве години и оваа ќе ја подарам за хумани цели. Зголемувајќи ја десет пати ќе им помогнам на градските библиотеки да ги збогатат своите книжни фондови.



Признанието го доживеав како душевна храна и морална сатисфакција за мојата педесетгодишна работа во уметноста и културата. На убав начин ми беше потврдено дека со триесетгодишната фуриозна работа во издаваштвото ѝ се оддолжив на татковината, со дваесетгодишната напорна работа во дијаспората му се оддолжив на својот раселен народ, а со своите петнаесет објавени романи сум успеал да ја зголемам славата на севкупната македонска уметност", објасни академик Павловски.

Наградата "11 Октомври" е со најдолга традиција во Република Македонија и со неспоредливо највисок углед. Таа се поврзува со победнички датум во нашата историја, со почетокот на востанието кое мобилизираше една петтина од населението и ја донесе слободата, протерувајќи ги окупаторите.

"Денот 11 октомври - додаде Павловски - се прославува во сите населени места на мојата туѓина. Во мене тој е врежан од најрана младост, уште кога во 1959 година го објавив својот прв расказ. Како ученик во Битола најмногу сакав да се шетам во Алејата на бистите и никогаш потоа не заборавив дека тие наши саможртвувани херои биле голобради момчиња, задоени со идеали и патриотизам. Можеби претставува куриозитет што ова е јубилејно, дваесетто по ред признание за мојот опус. А кога во далечната 1978 година, значи пред точно триесет години, наградата '11 Октомври' ми беше доделена за поединечно остварување, практично му овозможи на мојот роман 'Вест Ауст' сестрано осветлување и препорака за многу негови преводи во светот. Затоа и реков дека тоа помага за таканареченото брендирање на македонските културни и научни вредности".

# БОГАТАТА НАУЧНА ДЕЈНОСТ РЕЗУЛТИРАШЕ СО ЗАСЛУЖЕНА НАГРАДА

Досегашното научно творештво и постигнувања со севкупниот број објавени научни и стручни трудови, со истражувачката работа на документи за македонската историја на проф. д-р Михајло Миноски, како и неговата вкупна дејност на Филозофскиот факултет како професор и како ментор сосема заслужено му ја донесоа престижната награда "11 Октомври".



"Мислам дека некако природно дојде до тоа да бидам предложен за највисоката државна награда '11 Октомври'. Се разбира, најрелевантно е она што е публикувано. Имам повеќе од 200 научни трудови, одделни книги, статии во научни списанија, понатаму во реферати на научни собири во Македонија и во странство... Се работи за богата научна дејност, особено сметам дека на тежина се и објавените книги, кои се однесуваат на поширокота проблематика од историјата на македонскиот народ, главно, на периодот од XIX, XX, па и од почетокот на XXI век. Претставен е континуитетот на вооружените борби на македонскиот народ за ослободување на сопствена држава, тука се програмите на Национално ослободителното движење на политичките партии, организации во Македонија, прашањето на македонската државност, едноставно кажано Македонија во меѓународните односи како една од клучните и битни теми на тој план. Во моите трудови се проследени односот и на соседните балкански држави, особено на големите сили, кои имаат битно влијание, прво за проблемите кои ги има македонскиот народ и интересите кои ги има тој т.н. меѓународен фактор. Сум обработил широк дијапазон на теми и прашања за кои сметам дека се од интерес за Македонија, кои ќе бидат корисни не само во наставата туку и пошироко. Оваа награда ја прифаќам како сатисфакција за сè она што сум сторил", истакна проф. д-р Миноски.